TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

# ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА 2023

Оценки и рангирање на 180 држави и територии од целиот свет во однос на нивото на перцепција на корупција во јавниот сектор

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# Индекс на перцепција на корупцијата (ИПК) 2023

- **Индексот на перцепција на корупцијата** ги бодува и рангира земјите/териториите врз основа на проценетата корупција во јавниот сектор на државата, од страна на експерти и бизнисмени.
- ИПК претставува **композитен индекс**, **комбинација на анализи и проценки на корупција**, собрани **од повеќе реномирани институции.**
- ИПК од 2023 се базира на 13 извори на податоци од 12 институции.
- Изворите на информации користени за ИПК од 2023 се базирани на податоци од претходните две години.

За да се пресмета ИПК, се следат следните чекори:

1. Избор на изворите на податоци
2. Стандардизирани извори на податоци
3. Пресметување на просекот
4. Известување за мерка на несигурност

TRANSPARENCY
INTERNATIONAL
the global coalition against corruption



# 1. Избор на изворите на податоци

Секој извор на податоци кој се користи со цел пресметување на перцепцијата за корупцијата мора да ги исполнува следниве критериуми за да се квалификува како валиден извор:

- квантитативни согледувања за корупција во јавниот сектор
- да е базиран на веродостојна и важечка методологија, која ги оценува и рангира повеќето земји на иста скала
- да е изведен од кредибилитетни институции и очекувано регуларно да се повторува
- да им дозволува доволен број на варијации на резултатите за да се разликуваат земјите
- овозможува рангирање на значителен број на држави
- рангирањето е овозможено од страна на експерт од страна на државата или пак личност од бизнис секторот
- институцијата ја повторува проценката барем на секои две години

## 2. Стандардизирани извори на податоци

**Стандардизирани извори на податоци на скала од 0-100, каде 0 означува највисоко ниво на корупција, а 100 најниско ниво.**

Оваа стандардизација се врши на основа на средната вредност на податокот од секој извор во основната година од секој резултат на земјата и потоа со поделба со стандардното отстапување на тој извор во основната година.

По оваа постапка, стандардизираните резултати се трансформираат на скалата на ИПК

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# 3. Пресметување на просекот

За некоја земја или територија да биде вклучена во ИПК, треба да има **минимално три извори кои се проценуваат**.

Тогаш, ИПК на земјата се пресметува како просек од сите стандардизирани резултати достапни за таа земја. Резултатите се заокружени на цели броеви.

**Едноставен просек на оценките**

**Секој извор се брои подеднакво**

| Country X | Score |
|---|---|
| World Bank | 61 |
| Bertelsmann Foundation | 63 |
| World Justice Project | 61 |
| Transparency International | 65 |
| World Economic Forum | 65 |

Country X score = (61+63+61+65+65)/5 = 63



TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

# CORRUPTION PERCEPTIONS INDEX 2023

**The perceived levels of public sector corruption in 180 countries/territories around the world.**



| SCORE | COUNTRY/TERRITORY |
|---|---|
| 90 | Denmark |
| 87 | Finland |
| 85 | New Zealand |
| 84 | Norway |
| 83 | Singapore |
| 82 | Sweden |
| 82 | Switzerland |
| 79 | Netherlands |
| 78 | Germany |
| 78 | Luxembourg |
| 77 | Ireland |
| 76 | Canada |
| 76 | Estonia |
| 75 | Australia |
| 75 | Hong Kong |
| 73 | Belgium |
| 73 | Japan |
| 73 | Uruguay |
| 72 | Iceland |
| 71 | Austria |
| 71 | France |
| 71 | Seychelles |
| 71 | United Kingdom |
| 69 | Barbados |
| 69 | United States |
| 68 | Bhutan |
| 68 | United Arab Emirates |
| 67 | Taiwan |
| 66 | Chile |
| 64 | Bahamas |
| 64 | Cabo Verde |
| 63 | Korea, South |
| 62 | Israel |
| 61 | Lithuania |
| 61 | Portugal |
| 60 | Latvia |
| 60 | Saint Vincent and the Grenadines |
| 60 | Spain |
| 59 | Botswana |
| 58 | Qatar |
| 57 | Czechia |
| 56 | Dominica |
| 56 | Italy |
| 56 | Slovenia |
| 55 | Costa Rica |
| 55 | Saint Lucia |
| 54 | Poland |
| 54 | Slovakia |
| 53 | Cyprus |
| 53 | Georgia |
| 53 | Grenada |
| 53 | Rwanda |
| 52 | Fiji |
| 52 | Saudi Arabia |
| 51 | Malta |
| 51 | Mauritius |
| 50 | Croatia |
| 50 | Malaysia |
| 49 | Greece |
| 49 | Namibia |
| 48 | Vanuatu |
| 47 | Armenia |
| 46 | Jordan |
| 46 | Kuwait |
| 46 | Montenegro |
| 46 | Romania |
| 45 | Bulgaria |
| 45 | Sao Tome and Principe |
| 44 | Jamaica |
| 43 | Benin |
| 43 | Ghana |
| 43 | Oman |
| 43 | Senegal |
| 43 | Solomon Islands |
| 43 | Timor-Leste |
| 42 | Bahrain |
| 42 | China |
| 42 | Cuba |
| 42 | Hungary |
| 42 | Moldova |
| 42 | North Macedonia |
| 42 | Trinidad and Tobago |
| 41 | Burkina Faso |
| 41 | Kosovo |
| 41 | South Africa |
| 41 | Vietnam |
| 40 | Colombia |
| 40 | Côte d'Ivoire |
| 40 | Guyana |
| 40 | Suriname |
| 40 | Tanzania |
| 40 | Tunisia |
| 39 | India |
| 39 | Kazakhstan |
| 39 | Lesotho |
| 39 | Maldives |
| 38 | Morocco |
| 37 | Argentina |
| 37 | Albania |
| 37 | Belarus |
| 37 | Ethiopia |
| 37 | Gambia |
| 37 | Zambia |
| 36 | Algeria |
| 36 | Brazil |
| 36 | Serbia |
| 36 | Ukraine |
| 35 | Bosnia and Herzegovina |
| 35 | Dominican Republic |
| 35 | Egypt |
| 35 | Nepal |
| 35 | Panama |
| 35 | Sierra Leone |
| 35 | Thailand |
| 34 | Ecuador |
| 34 | Indonesia |
| 34 | Malawi |
| 34 | Philippines |
| 34 | Sri Lanka |
| 34 | Turkey |
| 33 | Angola |
| 33 | Mongolia |
| 33 | Peru |
| 33 | Uzbekistan |
| 32 | Niger |
| 31 | El Salvador |
| 31 | Kenya |
| 31 | Mexico |
| 31 | Togo |
| 30 | Djibouti |
| 30 | Eswatini |
| 30 | Mauritania |
| 29 | Bolivia |
| 29 | Pakistan |
| 29 | Papua New Guinea |
| 28 | Gabon |
| 28 | Laos |
| 28 | Mali |
| 28 | Paraguay |
| 27 | Cameroon |
| 26 | Guinea |
| 26 | Kyrgyzstan |
| 26 | Russia |
| 26 | Uganda |
| 25 | Liberia |
| 25 | Madagascar |
| 25 | Mozambique |
| 25 | Nigeria |
| 24 | Bangladesh |
| 24 | Central African Republic |
| 24 | Iran |
| 24 | Lebanon |
| 24 | Zimbabwe |
| 23 | Azerbaijan |
| 23 | Guatemala |
| 23 | Honduras |
| 23 | Iraq |
| 22 | Cambodia |
| 22 | Congo |
| 22 | Guinea-Bissau |
| 21 | Eritrea |
| 20 | Afghanistan |
| 20 | Burundi |
| 20 | Chad |
| 20 | Comoros |
| 20 | Democratic Republic of the Congo |
| 20 | Myanmar |
| 20 | Sudan |
| 20 | Tajikistan |
| 18 | Libya |
| 18 | Turkmenistan |
| 17 | Equatorial Guinea |
| 17 | Haiti |
| 17 | Korea, North |
| 17 | Nicaragua |
| 16 | Yemen |
| 13 | South Sudan |
| 13 | Syria |
| 13 | Venezuela |
| 11 | Somalia |

SCORE

#CPI2023

www.transparency.org/cpi

This work from Transparency International (2024) is licensed under CC BY-ND 4.0

# ИПК 2023:

## Регионални статистики (процент на земји со добиени поени под 50)



# CORRUPTION PERCEPTIONS INDEX 2023

## EASTERN EUROPE & CENTRAL ASIA

**35/100**

AVERAGE SCORE



| SCORE | COUNTRY/TERRITORY |
|---|---|
| 53 | Georgia |
| 47 | Armenia |
| 46 | Montenegro |
| 42 | Moldova |
| 42 | North Macedonia |
| 41 | Kosovo |
| 39 | Kazakhstan |
| 37 | Albania |
| 37 | Belarus |
| 36 | Serbia |
| 36 | Ukraine |
| 35 | Bosnia and Herzegovina |
| 34 | Turkey |
| 33 | Uzbekistan |
| 26 | Kyrgyzstan |
| 26 | Russia |
| 23 | Azerbaijan |
| 20 | Tajikistan |
| 18 | Turkmenistan |

SCORE




*The designations employed and the presentation of material on this map follow the UN practice to the best of our knowledge and as of January 2024. They do not imply the expression of any opinion on the part of Transparency International concerning the legal status of any country, territory, city or area or of its authorities or concerning the delimitation of its frontiers or boundaries.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

#CPI2023

www.transparency.org/cpi

This work from Transparency International (2024) is licensed under CC BY-ND 4.0

# ИПК 2023: На врвот

**И оваа година Данска се наоѓа на првото место со 90 поени. Потоа следат Финска со 87, Нов Зеланд со 85, Норвешка со 84 и Сингапур со 83 поени.**

| РАНГ | ДРЖАВА/ТЕРИТОРИЈА | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|
| 1 | Данска | 90 |
| 2 | Финска | 87 |
| 3 | Нов Зеланд | 85 |
| 4 | Норвешка | 84 |
| 5 | Сингапур | 83 |



# ИПК 2023: На дното

**Сомалија се наоѓа на дното на индексот. Потоа следат Венецуела, Сирија, Јужен Судан и Јемен.**

| Ранг | Држава /Територија | Резултат |
|---|---|---|
| 176 | Јемен | 16 |
| 177 | Јужен Судан | 13 |
| 177 | Сирија | 13 |
| 177 | Венецуела | 13 |
| 180 | Сомалија | 11 |




CORRUPTION
PERCEPTIONS
INDEX 2023
NORTH
MACEDONIA
SCORE: 42/100
RANK: 76/180
#cpi2023
www.transparency.org
TRANSPARENCY
INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL the global coalition against corruption

# МАКЕДОНИЈА
# Извадок од извештајот за ИПК 2023

Во септември 2023 година, Парламентот на Република Северна Македонија (42) значително го поткопа судството. Нетранспарентно, по брза постапка, пратениците го изменија Кривичниот законик кој доведе до намалување на затворските казни и скратување на застареноста на делата за злоупотреба на службената положба. Ова ќе предизвика застарување на околу 200 претпоставени случаи за корупција, од кои во многу се вклучени поранешни функционери на високо ниво.

# МАКЕДОНИЈА ИПК 2023

| Година | Позиција | Поени |
|---|---|---|
| **2023** | **76** | **42** |
| 2022 | 85 | 40 |
| 2021 | 87 | 39 |
| 2020 | 111 | 35 |
| 2019 | 106 | 35 |
| 2018 | 93 | 37 |
| 2017 | 107 | 35 |



# МАКЕДОНИЈА
# ИПК 2023

| ИПК Македонија | Рангирање на Земјата | Поени | Користени истражувања | BF (BTI) | EIU | FH | GI | VDP | WEF | WJP |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2023** | **76** | **42** | **6** | **53** | **37** | **47** | **47** | **27** | **/** | **40** |
| 2022 | 85 | 40 | 7 | 45 | 37 | 47 | 47 | 27 | 36 | 40 |
| 2021 | 87 | 39 | 7 | 45 | 37 | 47 | 35 | 30 | 35 | 41 |
| 2020 | 111 | 35 | 7 | 41 | 20 | 47 | 35 | 28 | 32 | 40 |
| 2019 | 106 | 35 | 7 | 41 | 20 | 47 | 35 | 28 | 32 | 42 |

**Користени истражувања во 2023**

1. Bertelsmann Foundation TI – BTI
2. Economist Intelligence Unit – EIU
3. Freedom House NIT – FH
4. Global Insight IHS – GI
5. Verities of Democracy Project – VDP
6. World Economic Forum- WEF
7. World Justice Project Rule of Law Index

# НИВОТО НА КОРУПЦИЈА ВО РЕГИОНОТ ИПК-2019/2023

| ИПК 2019 Ранг | ИПК 2020 Ранг | ИПК 2021 Ранг | ИПК 2022 Ранг | ИПК 2023 Ранг | Држава / Територија | ИПК 2019 Поени | ИПК 2020 Поени | ИПК 2021 Поени | ИПК 2022 Поени | ИПК 2023 Поени | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | 35 | 41 | 41 | 42↓ | Словенија | 60 | 60 | 57 | 56 | 56 | 0 |
| 63 | 63 | 63 | 57↑ | 57 | Хрватска | 47 | 47 | 47 | 50 | 50 | 0 |
| 66 | 67 | 64 | 65↓ | 63↑ | Црна Гора | 45 | 45 | 46 | 45 | 46 | +1 |
| 74 | 69 | 78↓ | 72↑ | 67↑ | Бугарија | 43 | 44 | 42 | 43 | 45 | +2 |
| 91 | 94 | 96 | 101↓ | 104↓ | Србија | 39 | 38 | 38 | 36 | 36 | 0 |
| 101 | 104 | 87 | 84↑ | 83↑ | Косово | 36 | 36 | 39 | 41 | 41 | 0 |
| 106 | 104 | 110 | 101↑ | 98↑ | Албанија | 35 | 36 | 35 | 36 | 37 | +1 |
| 101 | 111 | 110 | 110 | 108↑ | Босна и Херцеговина | 36 | 35 | 35 | 34 | 35 | +1 |
| 106 | 111 | 87 | 85↑ | 76↑ | **Македонија** | 35 | 35 | 39 | 40 | 42 | +2 |

# ИПК 2023:
# ГЛОБАЛНА ТЕМА

## Корупција и правда

Корупцијата, правдата и владеењето на правото се тесно испреплетени: кога правдата може да биде купена, пишаните закони се претвораат во фикција, а неказнивоста напредува. Кога корупцијата ќе се инфилтрира во правосудниот сектор, тоа може да доведе до манипулација со правните процеси, селективно спроведување на законот и заштита на корумпираните поединци од одговорност.

Независниот правосуден систем (т.е. институциите за спроведување на законот, обвинителствата, судовите и судството) на тој начин се централни за контрола на корупцијата. Меѓутоа, во текот на изминатите неколку години, правосудните системи ширум светот беа цел на политички реформи со цел да се ограничи нивната независност и нивната суштинска функција во држење под контрола на другите гранки на моќ.

# ИПК 2023:
# ГЛОБАЛНА ТЕМА: СОГЛЕДУВАЊА

**КОРУПЦИЈА**

**Создава пречки за пристап до правда**:
Можеби ќе бидат потребен поткуп за да се насочат правните процеси, што ја прави правдата недостапна за многумина.

**Ја разјадува одговорноста и непристрасноста:**
Коруптивните практики можат да влијаат на правните резултати, при што оние кои нудат поткуп или се впуштаат во коруптивни активности често добиваат поволен третман.

**Води до селективно спроведување на законот:**
Корупцијата може да резултира со селективно спроведување на законите, каде што оние со моќ или ресурси можат да ги избегнат правните последици, додека помалку привилегираните се соочуваат со несразмерна казна.

**Ја загрозува независноста на судството:**
Несоодветното влијание врз судиите е штетно за функцијата на политичката одговорност на судовите и нивната способност непристрасно да ги спроведуваат правилата на политичкиот систем.

Ниска доверба

Неказнивост

Дискриминација

Нееднаквост

Криминал

Насилство

# ИПК 2023:<br>ГЛОБАЛНА ТЕМА

## Корупција и неправда

Корупцијата е лоша за општеството воопшто, но не ги погодува сите подеднакво. Заедниците кои се веќе лишени од можности поради дискриминација, нивните позиции се влошени поради корупцијата, што дополнително ја продлабочува нееднаквоста во нашите општества:  корупцијата може да ги спречи жртвите на дискриминација да добијат правдата



# ИПК 2023: Главни пораки

Глобалниот тренд на слабеење на правосудните системи ја намалува одговорноста за јавните службеници, што овозможува корупцијата да напредува. Авторитарните, но исто така и многу демократски лидери кои ја поткопуваат правдата ја зголемуваат неказнивоста за корупцијата, па дури и ја охрабруваат со елиминирање на последиците за криминалците

Кога митото и политичкото мешање ќе се инфилтрираат во правосудниот систем, тоа може да доведе до манипулација со правните процеси, селективно спроведување на законот и заштита на сторителите од одговорност. Ова е од корист за мал број престапници на сметка на општото добро

За да се стави крај на неказнивоста на корупцијата, владите мора да им дадат на правосудните системи независност, ресурси и транспарентност потребни за ефективно казнување на сите корупциски престапи. Онаму каде што е потребно, тие, исто така, мора да воведат подобри процедури и закони за да им помогнат на правосудните институции да се заштитат од коруптивни дела и да ги детектираат истите

И покрај неодамнешниот напредок, земјите кои се високо рангирани на ИПК сè уште не прават доволно за да се справат со транснационалната корупција. Тие мора да ги елиминираат финансиската тајни дупки; регулирање и подобар надзор на професионалците како што се сметководителите, агентите за недвижности и адвокатите; и да ги повика на одговорност сторителите на транснационална корупција и нивните овозможувачи

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

# Изјава на Претседателот
# на Транспаренси Интернешнл- Македонија, г-дин Благоја Пандовски

Индексот на перцепција на корупцијата за 2023 година ја рангираше Македонија на 76 позиција со освоени 42 поени што е само 2 поена повеќе од резултатите презентирани во врска со Индексот на корупција за 2022 година кога Македонија имаше 40 поени. Овие 2 поени се должат во подобрувањето само на резултатите во истражувањата на еден од изворите - {BTI} но сите други податоци останувaат исти и немаат подобрување. Сепак овие 2 поени резултираа со скок на позицијата на Македонија за 9 места погоре во табелата, па за разлика од минатата година кога согласно Индексот на перцепција на корупцијата се наоѓавме на 85 место оваа година се наоѓаме на 76 позиција.

Секој резултат под 50 поени согласно мерилата на ИПК, во која група припаѓа и Македонија, укажува на сериозни корупциски проблеми во јавниот сектор.

Во врска со резултатите добиени за последниот Индекс на перцепција на корупцијата, нашиот став е дека во Македонија корупцијата е сè уште на многу високо ниво и дека нема реално подобрување на работата кај голем дел од институциите кои треба да бидат на чело на борбата против корупцијата. Судството и јавното обвинителство кои треба да бидат водечки ентитети во борбата против корупцијата повторно согласно анкетите кои се водеа, а поврзани со довербата на граѓаните со нивното работење покажаа загрижувачки ниски проценти.

# Изјава на
# Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија

И онака нискиот процент на доверба од 4 % падна на 1 % што е реален показател на тоа дека главните институции кои треба да ги применуваат законите и да одредат што е во согласност со правото, а што не, треба да имаат огромно подобрување во нивната работа.

Дополнителено во едно интервју, претседателката на Врховниот Суд, Беса Адеми јасно истакна дека постојат политички притисоци врз Врховниот Суд кој е највисок судски орган во државата што е скандалозно и поразително, и е сериозна индиција за нарушување на принципот на независност на судството. Во делот на работата на судскиот совет, Европската Унија спроведе опсежна оценска мисија која резултираше со утврдување на голем број на недостатоци и дури 40 препораки во разни сегменти на работењето на оваа институција која треба да биде главен оценувач и коректор на неправилностите во работата на судиите во државата.

Исто така последиците од законските измени во Кривичниот законик со кои се намалува санкционирањето и предвидената затворска казна за кривичното дело - злоупотреба на службената положба и овластување, се неповолни во делот на санкционирањето и борбата против корупцијата. Имено со истите се овозможува побрзо застарување на гонењето на случаите каде има сомнение за сторување на ова дело, при што голем број на случаи веќе останаа без судска завршница. Ваквите измени во овој период кога корупцијата во државата е на многу високо ниво не се воопшто добри и ја одмагаат борбата против корупцијата.

# Изјава на
# Претседателот на Транспаренси Интернешнл- Македонија

Заслужува да се споменат и скандалите со партиските вработувања пред престојните парламентарни избори и случајот на упадот и нападот на вработените во М-НАВ кои предизвикаа голем број на негативни коментари како од домашната стручна јавност така и од меѓународните чинители во државата. Институциите на системот остануваат глуви на критиките и препораките за борбата против корупцијата што се согледува и во тоа што често во јавноста излегува по некој корупциски скандал.

Погоренаведените примери се само дел од негативната слика која државата ја добива од аспект на борбата против корупцијата и може слободно да кажеме дека се уште постои недоволна демократија, транспарентност во работата на јавните институции, и владеење на правото кои мораат да бидат подобрени ако сакаме да покажеме реални резултати во борбата против корупцијата.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

**Благодариме!**
**www.transparency.mk**